Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-2953/ 14

Дата: 02.06.2025 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл. весник на РСМ" бр.259/24),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување**

I. Во врска со интерниот оглас бр.01/2025 за унапредување на административни службеници во Општина Кавадарци, објавен на ден 15.05.2025 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,
за работно место- со шифра **УПР 01 01 Б03 000 Помошник Раководител на Сектор за јавни набавки, Сектор за јавни набавки..............1 (еден) извршител;**

СЕ ИЗБИРА кандидатот **КОСТАДИНКА ЛАЛКОВА.**

II. Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во член 48, член 49, член 50, член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), предвидена е постапка за унапредување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас.

Согласно Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас ("Сл. весник на РСМ" бр.259/24), Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 15.05.2025 година објави интерен оглас број 01/2025.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.01/2025 за унапредување на административни службеници во општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 Б03 000 Помошник Раководител на Сектор за јавни набавки, Сектор за јавни набавки..............1 (еден)

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

извршител, со решение бр.04-2953/10 од 27.05.2025 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административни службеници во општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно записникот бр.04-2953/11 од 29.05.2025 година за административна селекција на кандидати и записникот бр.04-2953/12 од 29.05.2025 година за спроведување на интервју, изготви финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интервјуирани кандидати за работното место Помошник Раководител на Сектор за јавни набавки, Сектор за јавни набавки, во Општина Кавадарци.

Согласно член 52, став (1) од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), по добивањето на предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Архр.Бр. 04-2953/

Дата:__.__.2025 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk

Изработил: Надица Алексова
Контролирал: Кристина Чејкова
Одобрил:Јасминка Ѓорѓиева Тодоров

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Секретар
Тодор Ефремов